Предлог

Врз основа на член 77, став 1 од Статутот на СОНК, Собранието на Синдикалниот Фонд на СОНК на Седницата одржана на 16.04.2009 год донесе

# Правилник за измена и дополнувања на Правилникот на Синдикалниот Фонд на СОНК

член 1

Во членот 9, став 1, бројката "20%" се менува во бројката "30%".

член 2

Во членот 11, став 1 се менува и гласи:

*При пожар или поплава во домот на живеење кога корисникот на Фондот има претрпена потешка материјална штета има право на еднократна парична помош во зависнот од висина на штетата и тоа:*

- *до 5 просечни плати - во висина од* ***една основица***
- *од 16-15 просечни плати - во висина од* ***две основици***
- *16-25 просечни плати - во висина од* ***четири основици***
- *Над 25 просечни плати - во висина од* ***шест основици****.*

член 3

Во членот 11, став 3 се бришат зборовите со "извршена проценка".

член 4

Во членот 11, се додава нов став како последен кој гласи :

***"Процената на паричен износ за претрпената материјална штета ја врши Комисија од 3 члена формирана од Претседателот на Основната Организација на СОНК".***

Претседател,
Дојчин Цветаноски